Во октомври 2019 година, по промената на името на нашата земја, ЕУ го блокираше почетокот на преговорите со нас во врска со членството во ЕУ. Која од следниве изјави најдобро го прикажува вашето мислење?




База: 1212 (сите испитаници)
Маргина на грешка ± 2,81

TEAM Institute research, quality and development

NDI NATIONAL DEMOCRATIC INSTITUTE

# ВЛИЈАНИЕ ОД БЛОКИРАЊЕТО НА ПРЕГОВОРИТЕ

Во октомври 2019 година, по промената на името на нашата земја, ЕУ го блокираше почетокот на преговорите со нас во врска со членството во ЕУ. Која од следниве изјави најдобро го прикажува вашето мислење?




База: 1212 (сите испитаници)
Маргина на грешка + 2,81

**Поголем дел од учесниците слушнале за новата методологија, но слабо се информирани за нејзината содржина**



- Мнозинството гледа позитивен аспект:
  - ✓ Освестување за неопходноста од реформи
  - ✓ Притисок за спроведување на реформите
  - ✓ Поголема дисциплина и контрола
  - ✓ Квалитет и одржливост на реформите

# МЕТОДОЛОГИЈАТА НА ЕУ - ФОКУС ГРУПИ



- **Помал дел од учесниците на новата методологија гледаат со скепса и загриженост**

- За нив новата методологија претставува:
  - ✓ грешка на ЕУ и последица на нивното внатрешно несогласување
  - ✓ двоен стандард за новите земји членки
  - ✓ манипулација од страна на ЕУ
  - ✓ разочарување
  - ✓ отежнување и одолговлекување на патот кон ЕУ
  - ✓ можност за уцени и условување за ситници
  - ✓ полесно блокирање во текот на преговорите



# НАДВОРЕШНА ПОДДРШКА

Според вас, која од овие земји или организации најмногу им помага на нашите национални интереси?




Западна ориентација **50%**

Источна ориентација **18%**

Ниту една **22%**

База: 1212 (сите испитаници)
Маргина на грешка ± 2,81

# НАДВОРЕШНА ПОДДРШКА

Q38. Според вас, која од овие земји или организации најмногу им помага на нашите национални интереси?




База: 1212 (сите испитаници)
Маргина на грешка + 2,81

# VIII. ВАЖНИ РЕФОРМИ

# ЗАДОВОЛСТВО ОД ВАЖНИТЕ РЕФОРМИ

Колку сте задоволни од моменталната состојба со …




TEAM Institute research, quality and development

NDI NATIONAL DEMOCRATIC INSTITUTE

# ПЕРЦЕПИРАНИ ПРОМЕНИ ВО ВАЖНИТЕ РЕФОРМИ

Споредено со периодот пред три години, дали сметате дека ...



# СУДСТВО И ВЛАДЕЕЊЕ НА ПРАВОТО

# СУДСТВО И ВЛАДЕЕЊЕ НА ПРАВОТО – ФОКУС ГРУПИ

НЕОПРЕДЕЛЕНИ ГРАЃАНИ

**Состојба**

## Еден од најсериозните проблеми во земјата

- Партизирано судство веќе 30 години
- Состојба на беззаконие и невладеење на правото
- Законите не важат подеднакво за сите, граѓаните се немоќни и незаштитени
- “Турска серија“ и “Монти Пајтон судство“

**Кој е виновен?**

## Сите политички партии

- Владата која не направи реформи во судството
- Бизнис елитите
- Искорумпирани судии и обвинители без интегритет
- Немањето контрола и отчетност на работата на судиите
- СЈО

**СЈО и аферата Рекет**

## Огромна разочараност и уништена надеж за правда

- Врв на криминалот и корупцијата во судството
- Изневерени очекувања од меѓународниот фактор во изборот на специјалната јавна обвинителка

# СУДСТВО И ВЛАДЕЕЊЕ НА ПРАВОТО

Ќе ви прочитам неколку изјави. Ве молам да ми кажете дали се согласувате или не се согласувате со секоја од нив.




База: 1212 (сите испитаници)
Маргина на грешка ± 2,81

TEAM Institute research, quality and development

NDI NATIONAL DEMOCRATIC INSTITUTE

## Закон за јавното обвинителство

- Ниска информираност за Законот за јавно обвинителство
- За неинформираните дава надеж, а за другите не е правно издржан потег кој поставува двојни стандарди во судството



# БОРБА ПРОТИВ КОРУПЦИЈА

# КОРУПЦИЈА

Дали вие лично во последните три години сте морале да направите некому услуга, сте морале некому да му дадете подарок или сте морале да му платите на СЛУЖБЕНИК ВО ЈАВЕН СЕКТОР за да добиете услуга или документ, нешто што владата треба да го испорача без никаков надомест?




База: 1212 (сите испитаници)
Маргина на грешка ± 2,81

# СТАВОВИ КОН КОРУПЦИЈАТА

Сега ќе ви прочитам неколку изјави. Ве молам да ми кажете дали се согласувате или не се согласувате со секоја од нив.




База: 1212 (сите испитаници)
Маргина на грешка ± 2,81

TEAM Institute research, quality and development

NDI National Democratic Institute

# СЛОБОДА НА ИЗРАЗУВАЊЕ

## Оценка на медиумскиот простор

**ПРЕМНОГУ ЗАВИСНИ ОД СРЕДСТВА ОД ПОЛИТИЧКИОТ СИСТЕМ**

- Економска и политичка зависност
- Развиена партиска маркетинг мрежа
- Непрофесионално известување
- Изнесување на лични ставови и интерпретации на новинарите
- Профит пред квалитет и објективност

## Промени во медиумите

**ПОЗИТИВНИ ПРОМЕНИ**

- Поголема слобода на говор во медиумите
- Поголем баланс на различни политички гледишта
- Помалку владина пропаганда
- Повеќе дебатни емисии со спротивставени гледишта

## Доверба во медиумите

**СЕ ОЧЕКУВА ПОВЕЌЕ ВО ОВАА НАСОКА**

- Ниска доверба во медиумите
- Сѐ уште не постои независност и објективност во известувањето
- Се следат повеќе различни медиуми за формирање на сопствен критички став и мислење

# ЗАКОН ЗА УПОТРЕБА НА ЈАЗИЦИТЕ

# ЗАПОЗНАЕНОСТ СО ЗАКОНОТ ЗА УПОТРЕБА НА ЈАЗИЦИТЕ

Во 2019 година, нашата земја го донесе Законот за употреба на јазиците во нашата земја. Колку ви е позната содржината на овој закон?




База: 1212 (сите испитаници)
Маргина на грешка ± 2,81

TEAM Institute research, quality and development

NDI National Democratic Institute

# ПОДДРШКА ЗА ЗАКОНОТ ЗА УПОТРЕБА НА ЈАЗИЦИТЕ

Колку го поддржувате или не го поддржувате Законот за употреба на јазиците во нашата земја?




База: 1212 (сите испитаници)
Маргина на грешка + 2,81

# ПОДДРШКА ЗА ЗАКОНОТ ЗА УПОТРЕБА НА ЈАЗИЦИТЕ

Колку го поддржувате или не го поддржувате Законот за употреба на јазиците во нашата земја?




База: 1212 (сите испитаници)
Маргина на грешка ± 2,81

# IX. МЕДИУМИ И ДЕЗИНФОРМАЦИИ

# МЕДИУМИ

Кој е вашиот главен извор на политички вести?
На кој медиум најмногу му верувате како извор на политички вести?

## Главен извор на политички вести




## Медиум со најголема доверба




База: 1212 (сите испитаници)
Маргина на грешка ± 2,81

# ЗАГРИЖЕНОСТ ЗА ДЕЗИНФОРМАЦИИ

Колку сте загрижени за тоа дека дезинформациите можат да извршат влијание врз резултатите на претстојните парламентарни избори? Дали сте...




База: 1212 (сите испитаници)
Маргина на грешка ± 2,81

# ИЗЛОЖЕНОСТ НА ДЕЗИНФОРМАЦИИ

Ве молам да ми кажете каде сè сте биле изложени на дезинформации?

## ИЗЛОЖЕНИ НА ДЕЗИНФОРМАЦИИ



**88%**



# ПАРЛАМЕНТАРНИ ИЗБОРИ – ФОКУС ГРУПИ

Дезинформации

НЕОПРЕДЕЛЕНИ ГЛАСАЧИ

## Дезинформации и лажни вести

- Присутни секаде, особено на интернет
- Создаваат забуна и конфузија кај граѓаните
- Подгреваат атмосфера и имаат моќ да влијаат

## Извори на дезинформации

- Политичките партии ширaт дезинформации
- Медиумите сакаат ексклузивни вести и ги преувеличуваат работите, ширaт дезинформации заради поголема гледаност

## Како препознаваат дезинформации

- Медиум на кој е објавена информацијата
- Споредба со други медиуми
- Наслов
- Автор / извор на информација
- Коментари на социјални мрежи

TEAM Institute research, quality and development

NDI NATIONAL DEMOCRATIC INSTITUTE

# ПЕРСПЕКТИВИ И ОДНЕСУВАЊА - ДЕЗИНФОРМАЦИИ

Ќе ви прочитам неколку изјави. Ве молам да ми кажете дали се согласувате или не се согласувате со секоја од нив




База: 1212 (сите испитаници)
Маргина на грешка ± 2,81

# X. МЕРКИ ЗА МЛАДИ, ОБРАЗОВАНИЕ, ВРАБОТУВАЊЕ И ИСЕЛУВАЊЕ

# МЕРКИ ЗА МЛАДИ – ФОКУС ГРУПИ



- **Ниска информираност за сите мерки за млади**

Споменати мерки за млади:

✓ Месечен надоместок од 3000 ден за млади до 23 години вработени во производство
✓ 20 000 еур почетна инвестиција во земјоделието
✓ Финансиска мотивација и стипендија за стручни училишта
✓ Обуки за побрзо вработување и поддршка на компаниите за вработување на млади лица (Соработка помеѓу општината, Агенцијата за вработување и бизнис секторот)
✓ Поддршка за млади претприемачи
✓ Младинска гаранција



# МЛАДИТЕ ЗА ОБРАЗОВАНИЕТО – ФОКУС ГРУПИ

НЕОПРЕДЕЛЕНИ ГЛАСАЧИ
МЛАДИ < 30

## Состојба во образованието

### БЕЗ НАДЗОР

- Нема квалитетна и корисна пракса
- Нема стручен кадар
- Нема контрола врз работата на професорите
- Застарена програма, не се следат модерните текови и иновациите
- Корупција, непотизам, врски
- Силна партизација во образовните установи
- Ниски критериуми за квалитет
- Брзи и лесни  дипломи на дисперзираните и приватните универзитети
- Промашена Кембриџ програма

## Предлози за подобрување

### ФОКУС И НАДГРАДБА

- Почеста и поквалитетна пракса
- Насочување на младите кон дефицитарни дејности, стручни училишта
- Повисоки критериуми за упис на факултет
- Модерна настава и вклучување на компјутерска технологија во наставата
- Задолжителна вклученост на педагог и психолог во училиштата
- Субвенции за студенти и бироа за вработување на студенти
- Намалување на работниот стаж на просветните работници

# МЛАДИТЕ ЗА ВРАБОТУВАЊЕТО – ФОКУС ГРУПИ

НЕОПРЕДЕЛЕНИ ГЛАСАЧИ
МЛАДИ < 30

**Проблеми со вработување**

- Партиска книшка и непотизам
- Работодавците бараат задолжително работно искуство
- Стекнатото образование не соодветствува со барањата на пазарот на трудот
- Неможност за работа по струка
- Ниски плати
- Прекувремена неплатена работа
- Експлоатација на вработените

**Преференции за работа**

- Поголем дел во приватен сектор, заради избегнување на партиски притисоци и уцени
- Во големи компании каде постојат структура и правила
- Помал дел во јавен сектор заради стабилноста и малата ангажираност

# ИСЕЛУВАЊЕ

Дали некој член на Вашето домаќинство се преселил (емигрирал) од нашата земја за да живее и работи во странство?
Дали е веројатно некој член од вашето домаќинство да се пресели (да емигрира) од нашата земја за да живее и работи во странство во наредната година?




База: 1212 (сите испитаници)
Маргина на грешка ± 2,81

TEAM Institute research, quality and development

NDI NATIONAL DEMOCRATIC INSTITUTE

# МЛАДИТЕ ЗА ИСЕЛУВАЊЕТО – ФОКУС ГРУПИ



## Подготвеност да заминат

- Значаен дел од младите учесници планираат да заминат во некоја од европските држави
- Помал дел од нив активно бараат работа

## Што би ги задржало во земјата

- Вработување без непотизам и партиска книшка
- Подобрување на квалитетот на образованието
- Можности за вработување по струка
- Соодветна плата

## НЕДЕФИНИРАН НАЦИОНАЛЕН ИДЕНТИТЕТ




- **На учесниците им беше исклучително тешко да издвојат вредност која нè обележува нас како народ, по што сме единствени и со што се гордееме**

# XI. ГЛАВНИ НАОДИ

# ГЛАВНИ НАОДИ – ОПШТА СОСТОЈБА

- **СТАГНАЦИЈА:** Постои општо чувство дека државата е во стагнација со еднаков процент на гласачи кои сметаат дека државата се движи во правилна насока (30%) и оние кои сметаат дека се движи во погрешна насока (33%) - една третина (35%) смета дека државата не се движи во ниту една насока.

- **СЕВКУПНО МАЛО ПОДОБРУВАЊЕ**: Постојат индикации на мал напредок и скромни целокупни позитивни мерки. Еден од тројца граѓани на Република Северна Македонија (32%) се изјаснил дека животот на луѓето е подобрен во изминатите три години, мнозинството се изјаснило дека државата стои во место (42%), додека пак еден од четворица (24%) се изјаснил дека ситуацијата е влошена.

- **ГНЕВ КОН НЕДОСТАТОЦИТЕ НА СУДСТВОТО И УЛОГАТА НА ПОЛИТИЧКИТЕ ПАРТИИ КОЈА ШТО ЈА ОДИГРАА ВО СОЗДАВАЊЕТО НА ПРОБЛЕМОТ И НИВНОТО ОТСУСТВО ЗА НЕГОВО РЕШАВАЊЕ**: Најсериозната национална загриженост на гласачите е во врска со намалување на корупцијата и организираниот криминал во согласност со подобрување на правосудството. Оваа состојба е постојана со многу висок процент на граѓани кои воопшто немаат доверба во судството (48% *воопшто немаат доверба*, 70% имаат мала или воопшто немаат доверба, наспроти 12% кои изразуваат доверба), во јавното обвинителство (41% *воопшто немаат доверба*, 62% мала или воопшто немаат доверба и 16% имаат доверба). Во текот на фокус групите, неопределените гласачи објаснија дека сите политички партии се одговорни за оваа ситуација. Дополнително, со оглед на тоа што ЕУ не направи чекор напред кон пристапувањето, а по тешко донесениот Преспански договор, постои чувство дека овие реформи имаат дополнителна важност која што не може да чека.

- **ВОДЕТЕ СМЕТКА И ЗА ЕКОНОМИЈАТА:** Економските теми остануваат клучно прашање каде што 35% од испитаниците изразуваат дека тоа им е главната грижа (економија, вработување, животен стандард).

- **ЕМИГРАЦИЈА:** Пропаднатите судски реформи, скромните економски подобрувања, како и чувството на преголемо наметнување на политичките партии, покрај другите фактори, придонесуваат за постојана емиграција. Околу четири од десет домаќинства (42%) имаат член на семејството кој емигрирал, додека едно од десет (9%) домаќинства немаат член на семејството кој емигрирал, но укажуваат дека е *веројатно некој да емигрира во текот на претстојната година*.

- **НАМАЛЕН ИНТЕРЕС ЗА ГЛАСАЊЕ:** Во пресрет на изборите, неопределените гласачи во фокус групите изразиле ниско ниво на интерес за гласање, нагласувајќи низа причини за загриженост, меѓу кои и верувањето дека изборите се залудни, поттикнуваат поделби, а профитираат само корупцијата и политиката.

# ГЛАВНИ НАОДИ - ДОВЕРБА ВО ИНСТИТУЦИИ, НАКЛОНЕТОСТ КОН ПОЛИТИЧКИ ПАРТИИ И ПОЛИТИЧАРИ

- Општо земено, **сите институции, партии и политичари имаат низок рејтинг,** со изразено високо ниво на целосна недоверба   или многу неблагонаклонето мислење.

- За некои институциите или политичари граѓаните се потолерантни: Зоран Заев има одредена доза на национална почит и се перципира со симпатии во многу поголема мера споредено со други национални политички фигури (38% благонаклонетост помеѓу етничките Македонци, 55% помеѓу етничките Албанци и 56% помеѓу останатите етнички заедници)**. Постои значителна поларизација меѓу етничките Македонци симпатизери на ВМРО-ДПМНЕ** (кои сметаат дека сè што е поврзано со СДСМ и етничките Албанци е многу негативно) **и симпатизерите на СДСМ** (кои сметаат дека сè што е поврзано со ВМРО-ДПМНЕ е многу негативно).

- Она што е интересно е дека **иако етничките Албанци изјавуваат дека ќе гласаат за нивните етнички партии**, истите не се благонаклонети кон нивните партии и лидери, но истовремено **имаат донекаде позитивно мислење за СДСМ и за Зоран Заев.**

# ГЛАВНИ НАОДИ – ИЗБОРИ 2020

- **2020 ИЗБОРИ – ОДЅИВ**

  - **Тројца од четворица гласачи (76%) планираат да гласаат, додека 44% изјавуваат дека сигурно ќе гласаат.**
  - **23% планираат да гласаат за СДСМ,** 90% од нив изјавуваат дека дефинитивно ќе гласаат за нив, а 10% од нив може да се премислат.
  - **20% планираат да гласаат за коалицијата на ВМРО ДПМНЕ;** од нив, 94% се сигурни, а 6% може да се премислат.
  - 7% планираат да гласаат за ДУИ (90% сигурно), **6% за Алијансата на Албанците и Алтернатива**, а **2% за движењето БЕСА** (забелешка: истражувањето беше во тек кога беше објавена коалицијата меѓу СДСМ и БЕСА).
  - **14% се изјасниле дека нема да гласаат**, 14% одбиле да дадат одговор на прашањето, 2% изјавиле дека ќе го поништат гласачкото ливче, а 11% изјавиле дека биле неопределени.

    (ЗАБЕЛЕШКА: кога станува збор за етничките Македонци, 28% планираат да гласаат за ВМРО ДПМНЕ и 28% за СДСМ.)

- **2020 ИЗБОРИ – ДОВЕРБА ВО СИСТЕМОТ, ДЕЗИНФОРМАЦИИ**

  - **Постои умерена недоверба меѓу гласачите** на Северна Македонија во врска со валидноста на изборите. **Половина од нив (52%) се уверени** дека изборите ќе се одвиваат слободно и фер, 19% од нив *се многу уверени* и 33% *се делумно уверени*. Четири од десет гласачи (39%) имаат малку доверба (21%) или немаат доверба (18%).
  - Постои **широка распространетост на дезинформации (88% биле изложени на нив)** првенствено од телевизија (69%) и од социјалните медиуми (45%). **Повеќето ги обвинуваат домашните политички актери, а не надворешните фактори.** Гласачите нагласуваат дека стануваат подобри во консумирањето на вестите кога критички ја примаат информацијата. **Постои распространета загриженост (54%) дека дезинформациите можат да влијаат врз изборите**, но само 15% истакнуваат дека се *многу* загрижени.

# ГЛАВНИ НАОДИ - ПОЛИТИЧКИ ПАРТИИ

- **ПАРТИИ: ВМРО ДПМНЕ**
  - Наклонетост кон ВМРО-ДПМНЕ: 18% наклонети и 64% ненаклонети, а 42% од нив *многу ненаклонети*.
  - Неопределените гласачи истакнале дека ја **ценат дисциплината, фокусот на економијата и инвестирањето во младината**, но ја истакнале разочараноста од односот кон другите етнички заедници и ограничениот фокус.
  - Христијан Мицкоски: 25% наклонети и 65% ненаклонети.
  - Неопределените гласачи изразија позитивен впечаток од **идеите и интелигенцијата**, а негативниот впечаток е заснован на недостаток на харизма и дејствување под влијание на поранешниот водач на партијата.

- **ПАРТИИ: СДСМ**
  - Наклонетост кон СДСМ: 41% наклонети и 50% ненаклонети, а 36% од нив се *многу ненаклонети.*
  - Неопределените гласачи **истакнаа дека ја ценат нивната прозападна ориентација и инклузивноста**, но изразиле разочарување од нивниот неуспех во врска со ветените промени за владеење на правото и ги перципираат еднакво корумпирани како и другите партии.
  - Зоран Заев: 44% наклонети и 49% ненаклонети.
  - Неопределените гласачи имаат позитивни впечатоци кои што се однесуваат на неговата **визија, моќ на убедување и посветеност кон ЕУ.** Но, негативниот аспект е дека не може да му се верува, импулсивен е и наивен.

TEAM Institute research, quality and development

NDI NATIONAL DEMOCRATIC INSTITUTE

# ГЛАВНИ НАОДИ – АЛБАНСКИ ПОЛИТИЧКИ ПАРТИИ

- **ДУИ**
  - Наклонетост кон ДУИ: 16% наклонети и 74% ненаклонети, од кои 58% *многу ненаклонети*; меѓу етничките Албанци, 37% наклонети и 54% ненаклонети.
  - Али Ахмети: 16% наклонети и 74% ненаклонети, вклучувајќи 38% наклонети и 54% ненаклонети од етничките Албанци.
  - Меѓу неопределените гласачи, кога станува збор за позитивниот аспект тој е окарактеризиран како харизматичен лидер, но кога станува збор за негативниот аспект, тој е егоцентричен и се поврзува со корупција, нелојалност и недоверба.

- **Коалиција Алијанса за Албанците и Алтернатива**
  - Наклонетост кон коалицијата Алијанса за Албанците и Алтернатива: 17% наклонети и 69% ненаклонети, од кои 54% се *многу ненаклонети*; 45% од етничките Албанци се наклонети, а 46% од нив се ненаклонети.
  - Зијадин Села:  17% наклонети и 71% ненаклонети, вклучувајќи и 47% наклонети и 45% ненаклонети меѓу ентичките Албанци.
  - Кога станува збор за неопределените гласачи, тие го сметаат за **харизматичен политичар со потенцијал**; негативната перцепција е во однос на тоа што тој се смета за радикален и му недостасува јасна визија.
  - Африм Гаши: 11% наклонети и 70% ненаклонети, вклучувајќи 26% наклонети и 59% ненаклонети од етничките Албанци.
  - Кога станува збор за неопределените гласачи, тие сметаат дека тој **не е доволно познат меѓу етничките Македонци**, но постои сознание меѓу Албанците дека тој е **млад и образован**.

- **Движењето БЕСА**
  - Наклонетост кон БЕСА: 16% наклонети и 70% ненаклонети, од кои 55% се *многу ненаклонети*; од етничките Албанци, 30% се наклонети и 60% се ненаклонети.
  - Билал Касами: 15% наклонети и 69% ненаклонети, вклучувајќи 28% наклонети и 61% ненаклонети од етничките Албанци.
  - Кога станува збор за неопределените гласачи, тој е претежно **непознат за етничките Македонци,** но за етничките Албанци тој е позитивен лик и се смета за **технократ со европски пристап**, додека  други го сметаат за амбициозен.

# ГЛАВНИ НАОДИ – ПРИСТАП КОН ЕУ

- **Граѓаните ја поддржуваат интеграцијата на Република Северна Македонија во Европската Унија.** Повеќе од 8 од 10 граѓани на Северна Македонија (82%) го поддржуваат членството во ЕУ, додека шест од десет (57%) силно го поддржуваат овој чекор.

- Треба да се внимава на **можното разочарување и незадоволство** предизвикани од присилниот начин на изгласување на Преспанскиот договор и одлуката на ЕУ есента 2019 година за одложување на пристапните преговори.

    - Еден од тројца граѓани на Република Северна Македонија (32%) целосно го поддржува Преспанскиот договор; кога станува збор за етничките Македонци, овој процент опаѓа на 17%.
    - Еден од четворица (26%) го поддржуваат овој договор заради неговата неопходност, вклучувајќи и 31% етнички Македонци. Па така, мнозинството од граѓаните на Република Северна Македонија (58%), вклучувајќи и половина етнички Македонци (48%), го поддржуваат Преспанскиот договор. Тројца од десет (31%) граѓани на Република Северна Македонија му се спротивставуваат на Преспанскиот договор, вклучувајќи 43% етнички Македонци.
    - Четворица од десет испитаници (41%) можат да преминат преку одложувањето на преговорите со ЕУ и немаат интерес за други сојузи.
    - Речиси двајца од десет испитаници (18%) сметаат дека довербата во ЕУ е до некаде изгубена, остануваат да го поддржуваат пристапот кон ЕУ, но се отворени за барање на алтернативни долгорочни стратегии.
    - Двајца од десет испитаници (20%) сметаат дека ЕУ се оддалечува и дека Северна Македонија треба да бара други алтернативи.

- **Половина од граѓаните на Република Северна Македонија** сметаат дека западната ориентација е најдобрата насока за нивната земја (26% за ЕУ, 17% за САД, 6% за НАТО). Еден од петмина (22%) смета дека нивната земја нема поддршка од ниту една земја, а помала група (18%) гледаат кон Исток, првенствено кон Турција (11%) и Русија (5%).

- Неопределените гласачи се изјасниле дека одложувањето на **ЕУ ја подигнало свесноста дека нивната земја мора да заврши одредени реформи за да стане целосно квалификуван кандидат.** Постои зголемување на решителноста да се постигнат реформите.

# ГЛАВНИ НАОДИ – СУДСТВО, ВЛАДЕЕЊЕ НА ПРАВОТО, КОРУПЦИЈА

- **Перцепцијата за владеење на правото и обидите за намалување на корупцијата се значително негативни**. Двајца од тројца испитаници (65%) се незадоволни од сегашната состојба во врска со владеење на правото (41% *многу незадоволни*), а седум од десет испитаници се незадоволни од напорите за намалување на корупцијата (47% *многу незадоволни*).

- Дополнително, неопределените гласачи сметаат дека за ова се виновни сите политички партии.

- **Донесувањето на новиот Закон за јавно обвинителство ги подели граѓаните,** 34% се согласни дека тој ќе обезбеди продолжување на случаите на Специјалното јавно обвинителство, 33% се неутрални или неопределени, а 32% не се согласуваат.

- Корупцијата се смета за длабоко всаден проблем; осум од десет испитаници (80%) се согласуваат дека митото и корупцијата се „карактеристика на нашата култура“ - додека половина или 52% „целосно се согласуваат со сето ова“.

- **Податоците покажуваат дека луѓето можеби се подготвени за силни антикорупциски мерки** затоа што 90% се согласуваат дека (од кои 74% *целосно се согласуваат*) „казните за корупција треба да се построги“.

# ГЛАВНИ НАОДИ - СЛОБОДА НА ГОВОР И МЕДИУМИ

- **Постои перцепција дека земјата остварила напредок зголемувајќи ја слободата на говорот и медиумите**, со повеќе граѓани на Република Северна Македонија кои се задоволни од моменталното ниво на слобода (64%) отколку незадоволни (31%).

- Четворица од десет испитаници (39%) изјавиле дека слободата на изразувањето се подобрила во текот на последните три години.

- Неопределените гласачи истакнале дека иако има поголема слобода на медиумите, со оглед на големото политичко влијание и економскиот притисок, **сè уште тешко можат да се идентификуваат објективни и независни вести.**

- Доминантниот извор на политички вести е телевизијата (65% ја навеле како примарен извор), **но не се издвојува одредена телевизиска куќа на која што најмногу ѝ се верува.**

ТИМ Институт
истражување, квалитет, развој

NDI
NATIONAL DEMOCRATIC INSTITUTE FOR INTERNATIONAL AFFAIRS